**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 03-34**
**30.01 2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 4, член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14) и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, бр.10-580/1 од 29.01.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-520/9 од 29.01.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, односно поради непочитување на обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика, од страна на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), на 5-та седница одржана на 29.01.2014 година, донесе:

## Решение
## за преземање мерка

1. СЕ ОПОМЕНУВА ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), заради извршена повреда на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), односно непочитување на обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика, во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецgovернарана е (по датум, опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, бр.10-580/1 од 29.01.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр. 1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни

електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека од страна на наведениот радиодифузер е извршена повреда на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), на начин што не ја почитувал обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика, со тоа што забавната музика беше застапена со 52%, а народната музика со 48%.

Повредата е специфицирана (по датум, опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, бр.10-580/1 од 29.01.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр. 1.

Следствено на тоа, а врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, бр.10-580/1 од 29.01.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-520/9 од 29.01.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 од ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение, со кое кон ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), презема мерка – опомена.

Агенцијата му наложи на радиодифузерот, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, бр.10-580/1 од 29.01.2014 година.

**Доставено до:**

- ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис;
- Директорот на ЈП Македонска радио – телевизија Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Изработил: Симе Златески

Одобрил: Цветанка Митревска

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 29.01.2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 380 | 1 |

**ИЗВЕШТАЈ**

**од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

**1. Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 14 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот од 13 до 19 јануари 2014 година, е констатирано дека ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) ја почитува законската обврска да емитува најмалку 14 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија во текот на неделата. Во анализираната недела емитуваше 25 часа 6 минути и 4 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. Притоа, забавната музика беше застапена со 52%, а народната музика со 48%. Исто така, МРТ2 ги почитува и одредбите од став 6, најмалку половина од обврската за музика, утврдена во став 4, да ја остварува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, се емитувани вкупно 19 часа 39 минути и 25 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

***Опис на прекршувањето:***

ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Втор програмски сервис не ја почитува обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика. Во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, забавната музика беше застапена со 52%, а народната музика со 48%, **што е спротивно на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**